# Повик за учесници на HR Starter 2024

Дали сакате да ја започнете Вашата HR-кариера? Не барајте понатаму! Станете дел од новата генерација на HR Starter! 😎

Нашите соработници од МАЧР и оваа година се национални партнери на 6-неделната онлајн програма, која е дизајнирана да Ви го понуди основното знаење што Ви е потребно за да ја разберете индустријата за човечки ресурси. Програмата ќе биде спроведена во периодот од 25 Март – 5 Мај 2024 година.

Без разлика дали сакате да ја започнете Вашата HR-кариера, или само сакате да дознаете повеќе за оваа област, оваа програма е одлично место за Ваш почеток. И што е најдобро, програмата е потполно бесплатна!

HR Starter е наменет за неодамнешно дипломирани студенти и/или студенти од последните години на додипломски и магистерски студии на кој било универзитет.

Повеќе информации за целосната програма, како и линк за директно пријавување, можете да ја најдете на следниов линк: https://hrstarter.net/

Рокот за пријавување е заклучно со 10 Март!

МАЧР со задоволство Ве очекуваат на овогодинешното издание на HR Starter! 😎